Врз основа на член 387,став 1, член 388 и 388 А од Законот за трговски друштва, Уготур А.Д.-Скопје свикува седница на Собрание на акционерите на Друштвото и за таа цел објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За свикување седница на Собрание**
**на Уготур А.Д.-Скопје**

Седницата на Собранието на акционерите на Друштвото ќе се одржи на ден 10.06.2016 г. (петок) со почеток во 12 часот, во просториите на Друштвото на ул. 16 Македонска бригада бр.18-Скопје

**ДНЕВЕН РЕД**

**Процедурален дел**

- Избор на претседавач
- Определување на бројач на гласови
- Верификација на присутни акционери
- Утврдување на број на гласови

**Работен дел**

**1.**Разгледување и усвојување на: Годишна сметка, ревидирани Финансиски извештаи со мислење на овластен ревизор и Годишен извештај за работењето на Друштвото за деловната 2015 г.

-Предлог-одлука за усвојување на Годишна сметка за 2015 г.
-Предлог-одлука за усвојување ревидирани финансиски извештаи за 2015 г.
-Предлог-одлука за усвојување на извештајот за работа на Друштвото за 2015 г.

**2.**Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Одборот на директори за 2015 г.

-Предлог одлука за усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори во 2015 г.

-Предлог одлука за одобрување на работата на Одборот на директори во 2015 г.

**3.**Предлог одлука за избор на овластен ревизор за 2016 г.

**4.**Одлука за одобрување голема зделка и зделка со заинтересирана страна.
-Предлог одлука за одобрување голема зделка и зделка со заинтересирана страна.

**5.**Разгледување на предлог од акционер за утврдување надоместок на неизвршните членови на Одборот на директори.

Собранието одлучува само по прашања кои се уредно ставени на дневен ред.
Вклучување на нови точки од дневниот ред може да се врши во рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик од акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5%од вкупниот број акции со право на глас.
Право на учество во работата на Собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кое ќе го застапува на Собранието со писмено полномошно, кое се издава за сите акции и само за една седница на Собранието.
Акционерите кои што овластуваат полномошник за седницата на Собранието, треба задолжително да го известат Друштвото за даденото полномошно во писмена форма. Акциононерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.
Материјалите по точките од дневниот ред може да се разгледаат во седиштето на Друштвото секој работен ден од 10 до 13 часот или да се најдат на официјалната интернет страна на Друштвото:www.ugotur.com.mk

**Одбор на директори**

**Бр.057**
**Скопје,09.05.2016 г.**